**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
# 2006 – 2010 ГОДИНА

**Скопје, јуни 2006 година**



Република Македонија
Државен завод за ревизија

Ул.Маршал Тито 12/3, Палата Македонија, Скопје
Телефон ++389 (0) 2 3211-262
Факс ++389 (0) 2 3126-311
E-mail: dzr@dzr.gov.mk
Web: http://www.dzr.gov.mk

Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија за периодот 2006 – 2010 година е донесена од страна на Главниот државен ревизор на 13 јуни 2006 година.

ДЗР ја публикува оваа стратегија како водич во работењето за годините што претстојат.

Стратегијата ги содржи петте стратешки цели кои се тесно поврзани со мисијата на ДЗР.

***СОДРЖИНА*** ***страна***


Вовед...................................................................................................................... 3
Основни принципи во работењето на ДЗР................................................................ 5
Мисија, визија, стратешки цели................................................................................ 6
Стратешка цел 1 *(Независност)*............................................................................ 7
Стратешка цел 2 *(Јакнење на капацитетите на институцијата)*..................... 8
Стратешка цел 3 (*Развој на видот и квалитетот на извршените ревизии*)..... 10
Стратешка цел 4 *(Информационен систем и информатичка технологија)* ...... 12
Стратешка цел 5 *(Политики за комуникација*)........................................................ 13
Имплементација и реализација на стратешките цели............................................ 15
Мониторинг и индикатори за следење на реализацијата на стратешките цели...... 15
Фактори на ризик за успешна имплементација на стратешките цели..................... 16

## СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2006 – 2010 ГОДИНА

## ВОВЕД

**Стратегиска определба на Република Македонија** е зачленување во заедницата на државите од Европа, што само по себе подразбира дека ДЗР во целост треба да се усогласи со начинот и правилата на работа и примена на стандардите и најдобрите пракси на Европската унија.

**Во 2004 година, Државниот завод за ревизија (ДЗР) за прв пат изработи** Стратегија за развој на државната ревизија и на ДЗР за периодот 2005-2009 година. Заради осетливоста на развојниот елемент, искуството и новата воспоставена практика и стандарди на државната ревизија, ДЗР ја публикува оваа стратегија како водич во работењето за годините што претстојат. Стратегијата ги содржи петте стратешки цели кои се тесно поврзани со мисијата на ДЗР.

**Правната рамка за државната ревизија и работењето на ДЗР** е утврдена со Законот за државната ревизија (ЗДР) за првпат донесен 1997 година, кој се базира на основните начела на Лима декларацијата на водечки упатства за принципите во ревизијата. Правната рамка со која се уредува независноста на ДЗР треба да биде доусогласена со стандардите и легислативата на ЕУ и да се достигне степенот на финансиската независност согласно Декларацијата од Лима донесена од Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ).

**Развојот на Државниот завод за ревизија** од основањето, се остварува во услови на: изострени економски проблеми во земјата; интензивни реформски процеси во сите сфери на економскиот и политичкиот живот; реформски процеси во јавната администрација, особено во системот на финансиската контрола во државата; интензивни активности и процеси за соработка со меѓународните финансии и политички институции; интензивен процес на приближување на Република Македонија кон ЕУ.

**Надлежностите на ДЗР** се утврдени со Законот за државната ревизија, согласно кој државната ревизија подразбира испитување на документите, исправите и извештаите на извршената интерна контрола и интерна ревизија, сметководствените и финансиските постапки и други евиденции од аспект на тоа дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени начела и сметководствени стандарди и Меѓународните ревизорски стандарди на ИНТОСАИ. Државната ревизија го опфаќа и наменското и законското користење на средствата во финансиските трансакции кои преставуваат државни расходи и давање оценка за користењето на средствата од аспект на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност.

**Извршувањето на надлежностите ДЗР** ги врши со лимитирани човечки и финансиски ресурси, што резултира со намален обем на остварување на целите утврдени со Законот за државната ревизија. На почетокот на 2006 година ДЗР има 75 вработени што претставува 60 % од проценетиот вкупен број од 125 извршители, утврден со интерните акти на ДЗР.

**Кадарот на ДЗР** има потреба од континуирано стручно оспособување и стекнување искуство за имплементирање на меѓународните стандарди за ревизија, други стандарди и регулатива, најновите достигнувања во ревизорската пракса согласно воспоставените стандарди и критериуми на ЕУ. Проектот на Светска Банка за развој на ДЗР, кој се реализираше во периодот 2003-2005 година, овозможи обуки за вработените во ДЗР, се изготви прирачник за ревизија на успешност, се организираа студиски патувања и програма за размена на искуства и знаења.

**Прирачникот за финансиска ревизија** како стручно помагало во ревизорската практика, кој ДЗР го издаде во текот на 2005 година, го нуди општиот пристап на ДЗР при вршењето на финансиската ревизија на субјектите од јавниот сектор, ги опфаќа клучните прашања на методолошкиот пристап кои треба да се разгледаат, анализираат и просудат согласно релевантните ревизорски стандарди. Во наредниот период ДЗР ќе работи на изготвување на серија на детални упатства по разни теми и прашања на ревизијата согласно ревизорските стандарди на ИНТОСАИ.

**Твининг проектот со Холандскиот суд за ревизија (ХСР)** започна во септември 2005 година. Истиот ќе овозможи усвојување на најдобрите пракси од колегите од ХСР во вршењето на работите на државната ревизија. Ова подразбира градење и зајакнување на капацитетите на ДЗР, со што ДЗР ќе биде во состојба успешно да ги реализира задачите за имплементација на Европското законодавство. Истовремено ќе се обезбеди високо ниво на компетентност и ефикасност при извршувањето на ревизиите во согласност со правилата и прописите на ЕУ и релевантните Меѓународните стандарди за ревизија.

## *Основни принципи во работењето на ДЗР*

**Независност.** Стремеж за обезбедување целосна независност од законодавната и извршната власт и обезбедување доволно средства како услов за ефикасно остварување на овластувањата на ДЗР.

**Компетентност.** Стремеж за поседување знаење, искуства, објективност и авторитет при изразување на ревизорско мислење, заклучоци и препораки од страна на ревизорите посветувајќи должно внимание и грижа при примената на ревизорските стандарди на ИНТОСАИ.

**Објективност**. Стремеж ревизорите да бидат објективни при практикувањето на работите на државната ревизија, интелектуално чесни и ослободени од неусогласеност на интересите и давање мислења засновани исклучиво на докази кои што се обезбедени и оформени согласно ревизорските стандарди на ИНТОСАИ.

**Неутралност.** Стремеж за континуирано одржување на независноста на ревизорите од политичките влијанија, извршувајќи ги ревизорски задачи на непристрасен начин.

**Рационалност.** Стремеж извршувањето на работите на државната ревизија да се изврши со трошење минимални финансиски средства, кое подразбира економично, ефикасно и ефективно искористување на ревизорскиот фонд на часови.

**Доверливост.** Стремеж податоците и сознанијата стекнати во текот на ревизијата, ревизорите да ги чуваат како деловна тајна и да оневозможат нивно неовластено презентирање на други лица.

**Професионалност.** Стремеж за континуирано следење на новините од областа на работите на државната ревизија, применување најнови и врвни ревизорски техники и помагала, и постојана надградба и унапредувањето на умешноста и вештините на ревизорите.

**Тимска работа.** Стремеж за континуирано практикување на колегијална, сестрана, конструктивна и креативна соработка на ревизорите со доследно почитување на поединецот, јакнење на чувството на одговорност, совесност и професионалност, како услов за остварување на визијата, мисијата и стратешките цели на ДЗР.

***Мисија***

Државниот завод за ревизија е врховна ревизорска институција чии цели се однесуваат на испитување и унапредување на исправноста, отчетноста, ефикасноста, економичноста, ефективноста и интегритетот на субјектите кои управуваат со јавните средства.

***Визија***

Државниот завод за ревизија да е носител на унапредување на процесот на управувањето со јавните финансии, отчетноста и транспарентноста во работењето на законодавната, извршната и судската власт преку предлагање решенија кои се економски, рационални и ефективни.

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

- ***Цел 1:Независност***

*Обезбедување целосна независност на државната ревизија како уставна категорија, согласно принципите усвоени со Декларацијата од Лима;*

- ***Цел 2:Јакнење на капацитетите на институцијата***

*Обезбедување оптимални технички и кадровски ресурси како предуслов за остварување на функциите на државната ревизија;*

- ***Цел 3:Развој на видот и квалитетот на извршените ревизии***

*Воведување нови и унапредување на квалитетот на извршените ревизии, согласно усвоените стандарди на ИНТОСАИ и следење на ефектите од извршените државни ревизии;*

- ***Цел 4:Информационен систем и информатичка технологија***

*Воспоставување и развој на информациониот систем на ДЗР, примена на информатичката технологија и нејзино рационално и ефикасно искористување во ревизијата;*

- ***Цел 5:Политики за комуникација***

*Подобрување на системот на комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни правни субјекти и информирање на јавноста за работењето на ДЗР.*

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1

### *Независност*

*Обезбедување целосна независност на државната ревизија како уставна категорија, согласно принципите усвоени со Декларацијата од Лима.*

#### *Непосредна цел 1.1.*

Дефинирање на правниот статус на Државниот завод за ревизија во Уставот на РМ како самостојна и независна врховна ревизорска институција во согласност со препораките на Декларацијата од Лима.

#### *Активности*

- Да се покрене нова иницијатива пред надлежните органи за амандмани на Уставот на Република Македонија, со цел дефинирање на независноста и самостојноста на државната ревизија и на ДЗР како врховна ревизорска институција, до крајот на 2006 година;
- Утврдување на листа на законски прописи за кои е потребно изменување и дополнување, во функција на јакнење на самостојноста и независноста на ДЗР, декември 2006-декември 2008 година;
- Континуирано следење и предлагање на измени и дополнувања на Законот за државна ревизија, во функција на подобрување и функционално надградување на решенијата, период 2006-2007 година;
- Промовирање на работењето и независноста на ДЗР, контунииурано;
- Донесување нов закон за државната ревизија, усогласен со стандардите и критериумите на ЕУ, најдоцна до крајот на 2007 година;
- Следење на степенот на независноста на ДЗР, како предуслов за објективност и непристрасност во сите аспекти на работењето на ДЗР, континуирано.

#### *Непосредна цел 1.2.*

Создавање правна рамка за независен и самостоен буџет на државната ревизија и негова имплементација.

#### *Активности*

- Утврдување на листа на законски прописи за кои е потребно изменување и дополнување, а пред се на Законот за буџетите, во функција на остварување на независен и самостоен буџет на ДЗР, до крајот на 2006 година;
- Изменување и дополнување на Тарифата на Државниот завод за ревизија, во функција на пореално планирање на финансиски средтства за работење, крај на 2006 година;
- Изготвување и предлагање на независен и самостоен буџет, преку предлог што ќе се поднесува директно до работните тела на Собранието на РМ, до 01.01.2007 година.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2

### *Јакнење на капацитетите на институцијата*

*Обезбедување оптимални технички и кадровски ресурси како предуслов за остварување на функциите на државната ревизија.*

***Непосредна цел 2.1.***

Усовршување на функционалната и организационата поставеност на административните капацитети и кадровската структура.

***Активности***

- Подготовка на измена на постојните акти за организација и работа и систематизација на работните места на ДЗР, почнувајќи од 01.09.2006 година и нивно континуирано развивање;
- Усовршување на организационата структура и специфичните одговорности во рамките на ДЗР преку подготовка и донесување на нови акти за организација и систематизација, до 01.01.2008 година;
- Кадровско екипирање до крајот на 2006 со 80 извршители, во 2007 година до 90 извршители а во следните години до 2010 да се достигне оптималниот минимален број на извршители;
- Подготовка на Стратегија за развој на кадровската структура со цел дефинирање на концепција за вработување и задржување на кадри со најдобри знаења и вештини, помош на нововработените за нивно брзо вклучување во процесот на работа, долгорочна изградба на менаџерска структура во ДЗР преку утврдување на кадри кои се потенцијални менаџери и нивно задржување во институцијата, јакнење на капацитетот на одговорност и деловно-етичко комуницирање, јуни 2007 година.

***Непосредна цел 2.2.***

Проценка и управување со ризикот во работењето на ДЗР.

***Активности***

- Пропишување постапки за проценка, идентификација, мерење, контрола, обезбедување и прифаќање или отфрлање на ризикот, втор квартал на 2007 година;
- Пропишување на постапки за заштита и безбедност на имотот и лицата во ДЗР, крај на 2006 година.

***Непосредна цел 2.3.***

Развој на професионалните и стручните капацитети на ДЗР.

***Активности***

- Дефинирање на политики за стручно и професионално усовршување (обука за методологија на ревизијата, изучување на странски јазици, примена на информатичка технологија, користење на информатички софтвер за ревизија) на вработените во ДЗР, тековно од 2006 година;
- Изготвување годишни планови за обука, нивно организирање и спроведување, тековно;
- Изработка на план и негова имплементација за организирање на регионални конференции, заради стекнување на искуства, знаење и добрата пракса од другите ВРИ, тековно од 2006 година;
- Континуирано организирање и спроведување на испитот за стекнување на звање овластен државен ревизор, во периодот од 2006 до 2010 година и соодветна и организирана обука на заинтересираните кандидати во термин од месец октомври до месец декември на тековната година;
- Спроведување на евалуација помеѓу вработените во ДЗР, како предуслов за оценување на степенот на квалитетот на спроведените обуки, стекнатите знаења, искуства и добра пракса од другите ВРИ и оценување на потребата на корегирање на соодветните планови, тековно;
- Дополнување на прирачникот за финансиска ревизија врз основа на стекнатите искуства од праксата и од искуствата од твининг проектот, крај на јуни 2007 година;
- Дополнување на прирачникот за ревизија на успешност врз основа на стекнатите искуства од праксата и од искуствата од твининг проектот, крај на јуни 2007 година.
- Пропишување, донесување и имплементација на стандарди како критериум за оценување на квалитетот на ревизорската работа, и нивно понатамошно усогласување со стандардите на ВРИ на земјите членки на ЕУ , прв квартал на 2007 година;
- Евалуација на годишните менторски извештаи како предуслов за оценување на стручноста и способноста на ревизорите за самостојна и тимска работа, тековно од 2006 година;

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3

### *Развој на видот и квалитетот на извршените ревизии*

*Воведување нови и унапредување на квалитетот на извршените ревизии, согласно усвоените стандарди на ИНТОСАИ и следење на ефектите од извршените државни ревизии.*

***Непосредна цел 3.1.***

Развој на ревизиите во правец на: оценување на економичноста, ефективноста и ефикасноста; ревизијата на јавните приходи; користењето на средствата од европските фондови, ревизија на проекти за заштита на животната средина и ревизија на информационите системи.

***Активности***

- Со новиот закон за државна ревизија да се прецизира опфатот на државната ревизија, со вклучување на ревизијата на приходната страна на субјектите кои се предмет на ревизија како и на јасен начин да се предвиди овластување на ДЗР да ги ревидира фондовите и програмите на ЕУ и проектите кои се финансираат од тие средства**,** најдоцна до крајот на 2007 година;
- Развој на ревизијата на јавните приходи преку вршење на ревизии на законитост и исправност на собирањето на јавните приходи, испитување на ефикасноста на системот на собирање на јавните приходи, оценување на постигнатите цели во однос на приходите и потребата од давање на предлози за подобрувања на законодавните тела, во текот на 2008 година;
- Развој на активностите поврзани со ревизија на фондовите на ЕУ и спроведување на постапката за усогласување на интерните акти и изградба на соодветни процедури за вршење на овој вид ревизии и активности во ДЗР, во текот на 2008 година;
- Развој на активностите поврзани со ревизија на проекти за заштита на животната средина и изградба на соодветни процедури за вршење на овој вид ревизии и активности во ДЗР, во текот на 2007 година;
- Дефинирање на ревизијата на информационите системи и изработка на методолошко упатство за вршење на ревизија на информационите системи, во текот на 2008 година;
- Организирање на обуки, семинари и практика на ревизорите за вршење на ревизија на информационите системи, прва половина на 2009 година;
- Развој на Секторот за вршење на ревизија на успешност и вклучување на поголем број на ревизии на успешност во Годишната програма за работа на ДЗР, континуирано.

***Непосредна цел 3.2.***

Резултатите од извршувањето на државната ревизија да бидат со висок квалитет, издавање на извештаи со лесно разбирливи наоди и други констатации, поткрепени со компетенти и релевантни ревизорски докази.

***Активности***

- Обезбедување на минимум опфат на субјектите предмет на ревизија во Годишната програма со вклучување на сите министерства, сите фондови на ниво на републиката, 50% од буџетите на ЕЛС и две до три јавни претпријатија во државна сопственост, до 2010 година;
- Дефинирање на критериуми за прифаќање на ревизии по барање, во текот на 2007 година;
- Воспоставување постапки за обезбедување на квалитетот на ревизиите на ДЗР, согласно стандардите на ИНТОСАИ, до крајот на 2007;
- Анализирање и оценување на степенот на подобрувањето на пишувањето, презентацијата и читливоста на ревизорските извештаи на ДЗР, тековно секоја година;
- Дефинирање на нов формат на ревизорски извештај, во текот на 2007 година;
- Следење на утврдените системски слабости дадени во ревизорските извештаи за подобрување на управувањето и употребата на јавните средства, тековно.

***Непосредна цел 3.3.***

Развој на системот за следење и проверка на извршувањето на ревизорските препораки од страна на субјектите, кој ќе му овозможи на ДЗР подобро следење и известување за динамиката на спроведување на ревизорските препораки и ефектите од извршените државни ревизии.

***Активности***

- Оценување на степенот на јасноста, конкретноста и начинот на презентирање на наодите и препораките во ревизорските извештаи, како можност за постапување по истите од страна на надлежните органи, тековно;
- Развој и имплементирање на систем за следење на препораките и анализирање на ефектите од истите, тековно;
- Изготвување сумарни извештаи за дадените ревизорските препораки, со посебен осврт на степенот на спроведени препораки од субјектите, тековно;
- Планирање на временска рамка во годишната и оперативната програма за следење на препораките и преземените мерки од извршените ревизии, увид непосредно од ревизорските тимови, тековно.

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4**

## *Информационен систем и информатичка технологија*

*Воспоставување и развој на информациониот систем на ДЗР, примена на информатичката технологија и нејзино рационално и ефикасно искористување во ревизијата.*

***Непосредна цел 4.1.***

Дизајнирање и имплементација на информационен систем на ДЗР, воведување и имплементација на Document management, рационално и ефикасно искористување на информатичката опрема и примена на информатички софтвер во ревизијата.

***Активности***

- Следење на имплементацијата на Проектот за канцелариско и архивско работење на ДЗР со Пилот истражување како основа за Document management систем, до крајот на 2006 година;
- Дефинирање и утврдување на идејниот, главниот и изведбениот проект за: воспоставување на информационен систем на ДЗР и воведување на Document management во периодот 2007-2010 година.
- Набавка на софтвер: Document management до месец март 2007 година и негова имплементација во периодот 2007 година – 2009 година.
- Следење на трендовите од областа на информатичка опрема ( хардвер и софтвер) и набавка според потребите на ДЗР, тековно;
- Дефинирање и утврдувањето на карактеристиките и техничкиот опис на софтверот за ревизија, крај на месец јуни 2007 година
- Набавка на софтвер за примена на информатичката технологија во ревизијата, декември 2007 година
- Организирање и спроведување обука на вработените за примена на информатичката технологија, тековно;
- Ефективна примена на информатички софтвер во ревизијата, започнувајќи од 2008 година;
- Утврдување план за примена на ИТ во ревизијата, до месец декември 2008 година.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5

### *Политики за комуникација*

*Подобрување на системот на комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни правни субјекти и информирање на јавноста за работењето на ДЗР.*

**_Непосредна цел 5.1._**

Подобрување на начинот, методите и користењето на добрата пракса во комуникацијата и информирањето на Собранието и Владата на Република Македонија и надлежните органи.

**_Активности_**

- Изготвување на план и програма за начинот, методите и користење на добрата пракса во комуникацијата и информирањето на Собранието на Република Македонија, Владата и надлежните органи за резултатите од работите на државната ревизија, тековно;
- Изработка, публикување и доставување на годишен извештај за извршените ревизии, тековни ревизорски извештаи со наоди за значајните незаконитости и квартални извештаи за остварување на програмата за работа, континуирано;
- Подобрување на форматот на извештаите (годишен, квартален и тековен), континуирано;
- Иницирање на предлози и сугестии за формирање на соодветни тела во надлежните органи за постапување по ревизорските извештаи (Јавно обвинителство, Државна комисија за спречување на корупцијата, Министерство за внатрешни работи), како предуслов за зголемување на ефектите на ревизијата, тековно;
- Соработка со телата и комисиите при Собранието и Владата на Република Македонија, континуирано.

**_Непосредна цел 5.2._**

Подобрување на информациониот систем за комуникација, размена на информации и меѓународна соработка.

**_Активности_**

- Изработка на план за воспоставување на информационен систем за комуникација и негова имплементација, период март 2007 година;
- Воспоставување и имплементирање на интернет пристап за сите вработени, тековно;
- Едукација на вработените за начинот на користење на информациониот систем за комуникација, тековно;
- Изработка на план за меѓународна соработка со другите ВРИ и меѓународни организации и негова имплементација преку активен пристап во размена на искуства и работни методи од областа на ревизијата, тековно;

- Развој на базата на податоци и нејзино ажурирање, тековно.
- Утврдување на Стратегија за комуникација со субјектите, до крајот на 2007 година.

***Непосредна цел 5.3.***

Транспарентност и информирање на јавноста за ефектите од извршените ревизии и работењето на ДЗР.

***Активности***

- Ажурирање на ВЕБ страницата на ДЗР како извор на информации, тековно;
- Публикување на информативни гласила, билтени, итн. тековно;
- Публикување на промотивен материјал, тековно;
- Одржување на повремени прес конференции, тековно.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ

Имплементација на задачите и конкретизација на активностите во функција на успешно остварување на целите утврдени со Стратегијата за развој на ДЗР до 2010 година и создавање на претпоставки и услови за отпочнување на активностите за дефинирање на стратешките цели и задачи до 2015 година ќе се утврдува со Годишните програми за работата на ДЗР, Оперативнита програма за извршување на Годишната програма за работа на државна ревизија.

Во текот на реализацијата на оваа стратегија петте стратешки цели нема да се менуваат значително, но фактот дека со време може да се јави потреба за доизградување и усовршување на стратегијата, истата може да претрпи измени во делот на активностите преку кои стратешките цели ќе се спроведуваат.

Во функција на реализација на стратешките цели ќе се имплементираат и следните проекти:

- Твининг програмата која ќе се реализира со донаторски средства од меѓународен субјект во периодот 2005 – 2008 година

- Воспоставување на информационен систем на ДЗР и воведување на Document management проект кој би се реализирал со средства обезбедени од Буџетот на РМ и донаторски средства од меѓународни организации и институции во периодот 2006 до 2008 година

- Развој на современи методи на соработка и комуникација со субјектите како проект кој би се реализирал со средства од Буџетот на РМ и донаторски средства од меѓународни организации и институции во периодот 2006 до 2008 година

Твининг програмата започна да се реализира од 2005 година и ќе продолжи со реализација заклучно со 2008 година, додека идејните проекти: Воспоставување на информационен систем на ДЗР и воведување на Document management и Развој на современи методи на соработка и комуникација со субјектите до почетокот на 2008 година.

Со идејните проекти ќе се изврши детално и динамичко дефинирање на задачите.

## МОНИТОРИНГ И ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ

Мониторингот на реализацијата на стратешките цели и извршувањето на годишните и оперативните програми преку кои истите ќе се реализираат, континуирано ќе го врши раководството на ДЗР.

Задолжително ДЗР ќе врши следење и евалуацијата на остварување на зацртаните цели во Стратегијата на ДЗР преку кварталните извештаи и годишниот извештај на ДЗР.

За следење на реализацијата на стратешките цели се утврдуваат индикатори преку кои се мери степенот на остварување на зацртаните цели на краткорочно и среднорочно ниво:

**1.Индикатори за реализацијата на стратешките цели на краткорочно ниво**:

*1.1. Процент на реализирани активности по стратешки цели за тековната година по истекот на календарската година (однос реализирани/предвидени активности),*
*1.2. Вид на реализирани активности за тековната година.*

**2.Индикатори за реализацијата на стратешките цели на среднорочно ниво**

*2.1. Процент на реализирани активности по стратешки цели за периодот 2006-2010 година (однос реализирани/предвидени активности),*
*2.2. Вид на реализирани активности за периодот 2006-2010 година.*

## ФАКТОРИ НА РИЗИК ЗА УСПЕШНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ

Имплементацијата на стратешките цели ќе биде условена од:

- создавање на општествена клима за уставно регулирање на статусот на ДЗР и државната ревизија преку обезбедување на доволно ниво на разбирање за местото и улогата на државната ревизија во финансискиот систем на државата;

- создавање на општествена клима за обезбедување и имплементирање на самостоен буџет;

- обезбедување на неопходни финансиски средства за реализација на годишните и оперативните планови за имплементација на Стратегијата;

- создавање на услови за квалитетно кадровско екипирање и континуирана едукација на кадарот.

**Број 0102-506/1**

**Скопје, 13.06.2006 година**

**Главен државен ревизор,**

**Д-р Драгољуб Арсовски**